# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## за извршување на Буџетот на Општина Битола во трет квартал од 2017 год.

Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа член 32 став 2 ("Службен весник на РМ" бр.61/04 , 96/04 и 156/09) се утврдува обврската на Градоначалникот на општината да доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината квартални извештаи со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по завршувањето на кварталот.

Во буџетот на Општина Битола, за трет квартал биле реализирани приходи во износ од 386.412.193,00 денари,од планираните 785.902.943,00 денари од вкупниот буџет на општина Битола, или 49,17% остварени, додека реализираните расходи се во износ од 386.412.193,00 денари од планираните 785.902.943,00 денари од вкупниот буџет на Општина Битола или 49,17%.

***Динамика на движење на приходите во третиот квартал:***

Ставка 711- Данок од доход, од добивка, и од капитални добивки, за третиот квартал, од планираните 19.060.000,00 денари од вкупниот буџет, остварени приходи се во износ од 15.221.996,00 денари или 79,86%.

Ставка 713- Данок на имот за третиот квартал, од планираните во вкупниот буџет 183.650.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 109.872.242,00 денари или 59,83 %.

Ставка 717- Данок на специфични услуги во третиот квартал, од планираните 224.189.053,00 денари остварени приходи се во износ од 110.114.776,00 денари или 49,12%.

Ставка 718- Такси за користење или дозволи за вршење на дејност од планираните 35.697.345,00 денари остварени се 11.918.515,00 денари или 33,39 %.

Ставка 722- Глоби,судски и административни такси во третиот квартал, од планираните 6.100.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 3.571.614,00 денари, или 58,55 %.

Ставка 723-Такси и надоместоци во третиот квартал ,од планираните 18.000.000,00 денари остварени приходи се во износ од 8.981.525,00 денари, или 49,90 %.

Ставка 724-Други владини услуги од планираните 150.000,00 денари, не се остварени приходи во третиот квартал .

Ставка 725- Други неданочни приходи во третиот квартал, од планираните 63.020.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 3.997.914,00 денари или 6,34 %.

Ставка 731- Продажба на капитални средства планирана е со 20.000.000,00 денари, остварен е приход во третиот квартал од 349.200,00 денари или 1,75%.

Ставка 733- Продажба на земјиште и нематеријални вложувања од планираните 102.231.623,00 денари остварени се 21.557.785,00 денари или 21,09 %.

Ставка 741- Трансфери од други нивоа на власт во третиот квартал, од планираните 113.804.922,00 денари, остварени се приходи во износ од 100.826.626,00 денари или 88,60%.

***Динамика на движење на расходите во третиот квартал***:

***Вкупни тековни оперативни расходи:***

Ставка 401-Основни плати реализирани се расходи во третиот квартал во износ од 28.356.396,00 денари, од вкупно планираните во буџетот 50.192.400,00 денари.

Ставка 402-Придонеси од социјално осигурување од работодавачите, реализирани се трошоци во износ од 10.329.675,00 денари од вкупно планирани во буџетот 17.862.200,00 денари.

Ставка 404- Надоместоци во третиот квартал реализирани се трошоци од 5.724.056,00 денари од планираните 8.670.000,00 денари.

Ставка 412- Постојана резерва не е реализирана, од планираните 200.000,00 денари.

Ставка 413- Тековни резерви не се реализирани трошоци од планираните 200.000,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи реализирани се расходи во износ од 577.564,00 денари од планираните 1.665.000,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги ,греење, комуникација и транспорт реализирани се расходи во третиот квартал во износ од 48.151.065,00 денари, од планираните 70.641.000,00 денари.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар реализирани се расходи за третиот квартал во износ од 3.387.011,00 денари, од планираните 5.788.046,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 56.144.865,00 денари од планираните 70.220.748,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во третиот квартал во износ од 18.300.984,00 денари од планираните 39.816.597,00 денари.

Ставка 426-Други тековни расходи реализирани се трошоци за третиот квартал во износ од 14.356.935,00 денари, од планираните 19.100.000,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 427- Привремени вработувања, реализирани се трошоци за третиот квартал во износ од 7.077.514,00 денари, од планираните 7.220.000,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 452-Каматни плаќања кон домашни кредитори планирани се средства во износ од 150.000,00 денари , во третиот квартал реализирани се трошоци во износ 33.564,00 денари.

Ставка 463- Трансфери до невладини организации, реализирани се трошоци за третиот квартал во износ од 28.160.269,00 денари, од планираните 30.700.000,00 денари.

Ставка 464-Разни трансфери реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 14.344.191,00 денари од планираните 26.850.000,00 денари.

Ставка 465- Исплата по извршни исправи бил планиран износ од 1.100.000,00 денари, реализирани трошоци во третиот квартал во висина од 726.868,00 денари.

Ставка 471-Социјални надоместоци, реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 5.061.720,00 денари од планираните 5.500.000,00 денари.

***Вкупни капитални расходи:***

Ставка 480- Купување на опрема и машини, реализирани се расходи за третиот квартал во износ од 1.608.565,00 денари од планираните 6.268.034,00 денари.

Ставка 482-Други градежни објекти, реализирани се расходи за третиот квартал во износ од 135.046.447,00 денари од планираните 414.208.918,00 денари.

Ставка 483-Купување на мебел,не се реализирани расходи за третиот квартал од планираните 200.000,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинансиски средства реализирани се расходи во третиот квартал во износ од 9.024.504,00 денари од планираните 9.350.000,00 денари.

Извршувањето на расходите на буџетската сметка за сите програми е 49,17%.Програмата А0-Совет на општината е извршен 62,15%, програмата Г1- Локален економски развој е извршена со 33,28%, Г2-Развој на туризмот со 46,15%, програмата Д0- Градоначалник е извршена со 59,32%, Д1- Месна самоуправа 83,40%, програмата Е0-Општинска администрација е исполнета со 63,51 %, програмата Ј3-Јавно осветление е извршена со 67,03 %, Ј4- Јавна чистота со 63,89% Ј6 - Одржување и заштита на локални патишта улици и регулирање на сообраќајот е исполнета со 57%, Ј7-Одржување и користење на паркови и зеленило со 100%,ЈА-Изградба на осветлување во АРМ Сру 1 со 21,45%, ЈГ-Изградба на капацитети за водоснабдување АРМ четврт 1 и 2 со 9,77%, ЈД-Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици со 32,91%, ЈИ-Изградба на атмосферска и фекална канализација во АРМ четврт 1 и 2 со 11,28%, КА-Изградба на други објекти (кино Манаки) со 100%, ЛА-Реконструкција на спортски објекти со 7,17%, ЊО-Противпожарна заштита со 36,54%, Р1-Заштита на животна средина и природа со 93,34%, Ф1-Изработка на просторни и урбанистички планови со 5,06%.

***Корисници на средства од наменска и блок дотација***:

Вкупните тековни оперативни приходи за корисниците на средствата од сметката за наменска и блок дотација се реализирани во износ од 479.518.089,00 денари, од планираните 648.251.428,00 денари, или 73,97 %.

Вкупните тековни оперативни расходи за корисниците на средствата од сметката за наменската и блок дотација за третиот квартал се во износ од 469.629.945,00 денари од планираните 648.251.428,00 денари или 72,45% и тоа:

Ставка 401- Основни плати реализирани се расходи од 305.013.313,00 денари, од планираните 416.599.314,00 денари.

Ставка 402-Придонеси за социјално осигурување од работодавачите е со реализирани расходи во износ од 113.309.468,00 денари, од планираните 155.196.468,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги, комуникација и транспорт, реализирани се трошоци во износ од 21.883.753,00 денари од планираните 31.150.965,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар, реализирани се трошоци во износ од 1.310.182,00 денари, од планираните 2.682.951,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 200.900,00 денари, од планираните 317.579,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 26.340.145,00 денари, од планираните 34.081.100,00 денари.

Ставка 480-Купување на опрема и машини реализирани се средства во висина од 560.924,00 денари од планираните 2.223.051,00 денари.

Ставка 482-Други градежни објекти бил планиран износ од 6.000.000,00 денари, потрошени се 1.011.260,00 денари во третиот квартал.

Извршувањето на расходите од сметката за наменска и блок дотација за програмата В1 Детски градинки е 65,88 %, В2 Дом за стари лица 68,56 %, К3 Музејска и кинотечна дејност е 64,98% Н1 Основно образование со 74,42 %, Н2 Средно образование со 72,58 %, и програмата Ђ0 со 63,24 %.

Вкупно реализирани приходи за **Сметката Самофинансирачки активности** за третиот квартал се во износ од 37.370.951,00 денари од планираните 94.832.900,00 денари, или 39,41 %.

Вкупни тековно оперативни и капитални расходи за сметката **Самофинансирачки активности** во третиот квартал се реализирани 27.365.604,00 денари од планираните 94.832.900,00 денари или 28,86% и тоа:

Ставка 401- Основни плати планирани се трошоци во третиот квартал во износ од 2.230.000,00 денари, реализирани се 1.555.902,00 денари.

Ставка 402- Придонеси за социјално осигурување од работодавачите планирани се трошоци во износ од 835.000,00 денари реализирани се 579.406,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи планирани се трошоци од 969.000,00 денари, реализирани се во третиот квартал 47.250,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги греење и транспорт планирани се трошоци од 8.004.700,00 денари, реализирани се 3.407.538,00 денари.

Ставка 423 - Материјали и ситен инвентар планирани се трошоци во износ од 36.170.000,00 денари реализирани се 12.478.005,00 денари.

Ставка 424- Поправки и тековно одржување планирани се трошоци во износ од 11.973.700,00 денари, реализирани се 2.174.838,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги планирани се трошоци во износ од 13.353.500,00 денари реализирани се во износ од 3.913.571,00 денари.

Ставка 426- Други тековни расходи планирани се трошоци во износ од 4.927.500,00 денари, реализирани се 1.807.329,00 денари.

Ставка 464-Разни трансфери планирани се средства во износ од 3.134.000,00 денари,реализирани се средства во износ од 111.000,00 денари.

Ставка 471-Социјални надоместоци планирани се средства во износ од 250.000,00 денари, не се реализирани средства во третиот квартал.

Ставка 480 - Купување на опрема и машини од планираните 5.280.000,00 денари, реализирани се 380.613,00 денари.

Ставка 481 - Градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 330.000,00 денари, не се реализирани трошоци во третиот квартал.

Ставка 482 - Др.градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 3.940.000,00 денари, реализирани се трошоци во третиот квартал во висина од 238.714,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел од планираните средства во износ од 630.000,00 денари, реализирани се средства во третиот квартал во износ од 46.240,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинасиски средства од планираните 705.500,00 денари, реализирани се средства во висина од 55.258,00 денари во третиот квартал.

Ставка 486 - Купување на возила од планираните 2.100.000,00 денари, реализирани се средства во третиот квартал од 569.940,00 денари.

Извршувањето на расходите од сметката Самофинансирачки активности од В1 Детски градинки со 27,52 %, В2 Дом за стари лица со 58,72 %, К3-Музејска и кинотечна дејност програмата е со 7,35 %, Н1 Основно образование со 8,29 %, и Н2 Средно образование со 20,73%.

Вкупните тековно оперативни приходи од **Донации** од планираните 16.496.000,00 денари, приходовани во третиот квартал се средства од 7.198.118,00 денари или 43,64% , додека за планираните расходи од 16.496.000,00 денари е реализиран износ од 4.286.879,00 денари или 25,99%. Со средства од Донации се реализираат следните проекти: донации од локалните јавни установи ЈОУДГ Естреја.О.Мара, ОУ Ѓорѓи Сугарев, СОУ Таки Даскало,проект Биофос и др.

Вкупно реализирани приходи за **Сметката Заеми** за третиот квартал реализирани се во износ од 12.107.364,00 денари од планираните 138.440.325,00 денари, или 8,75 %.

Вкупни капитални расходи за сметката **Заеми** во третиот квартал се реализирани во износ од 6.707.857,00 денари од планираните 138.440.325,00 денари или 4,85 % .

Б.Т.

Сектор за Финансиски прашања